Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-538/3
29-08-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-538/1 од 30.07.2024 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Куманово, за извршена дискриминација врз друга основа – кодекс на облекување во областа на правосудството и управата, од страна на Основниот суд Куманово и Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, СВР Куманово, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-538/1 од 30.07.2024 година, поднесена од [redacted] од Куманово, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 30.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Куманово, заведена под број 08-538/1, против Основен суд Куманово и Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, СВР Куманово, за сторена дискриминација врз друга основа – кодекс на облекување во областа на правосудство и управа.

Во поднесената претставка подносителот наведува дека прв пат бил дискриминиран во управата за патни исправи каде на вратите имале ставено испечатен лист на кој пишувало дека странките требало да доаѓаат во долга облека, а полициски службеник ова и му го потврдил. Подносителот посочил дека за ова не знаел, а службеникот му одговорил дека тоа е негов проблем и дека странките мора да прават како службениците ќе кажеле. Воедно посочува дека на денот на поднесување на претставката истото му се случило и во Основен суд Куманово каде вработените му рекле дека морал да почитува кодекс на облекување по што подносителот прашал дали тоа не е дискриминација, но шалтерот му бил затворен по што според подносителот втор пат му била извршена дискриминација.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Поради ова на 30.07.2024 година Комисијата, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по електронски пат испрати до подносителот на претставката Барање за доуредување број 08-538/2 со кое побара подносителот да наведе конкретен основ заради кој наоѓа дека е едискриминиран, од основите опфатени со член 5 од Закон за спречување и заштита од дискриминација и побара да наведе дали постојат, односно дали има сознанија за други случаи (лица, граѓани) со кои од страна на наведените институции е постапувано на ист или сличен начин како со подносителот.

Со оглед да подносителката не ја доуреди претставката како што беше побарано во законски определениот рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Барањето, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Скопје,
29.08.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk